**Одговор**
**на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст Академијата) и претседателот на Основен суд Кавадарци на ден 09.03.2012 година доставија забелешки по доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на судството во решавањето на предметите“ под број 03-99/2 односно Су. бр. 03-51-1/2012 заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-354/23 и 15-354/22.

Упатените забелешки од законскиот застапник на Академијата и претседателот на Основен суд Кавадарци се разгледани од овластениот државен ревизор и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот, освен во прилозите поради дополнително доставени податоци од Основниот суд Кавадарци, поради што формулациите по одредени наоди, состојби и препораки како и формулациите во резимето од извештајот остануваат непроменети и во Конечниот извештај, за што го даваме следното објаснување:

1. Упатената забелешка од законскиот застапник на Академијата во делот на називот на институцијата, истовремено повикувајќи се на измената на законската регулатива[1] **не се прифаќа.** Согласно законските измени Академија за судии и јавни обвинители е правен следбеник на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, почнувајќи од ноември 2010 година. Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност, односно прашалниците кои беа изготвени од ревизорите и беа доставени до основните и апелационите судови се однесуваа на периодот 2009 и 2010 година, кога називот на оваа институција беше Академија за обука на судии и јавни обвинители.

2. Упатената забелешка од законскиот застапник на Академијата во делот на нецелосно наведен израз во однос на „Континуираната обука која се

[1] Согласно Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители( Сл.весник на РМ 13/06) основана е Академија за обука на судии и јавни обвинители, а со донесување на Законот за Академија на судии и јавни обвинители ( Сл.весник на РМ 88/10) нејзиното име се менува во Академија за судии и јавни обвинители.

спроведува за судии, јавни обвинители, судските и јавнообвинителските службеници од страна на Академијата“ **не се прифаќа**. Континуираната обука се спомнува во делот „Резиме“, составен дел на Нацрт извештајот, во кој се наведени придобивките од реформите во судството, вклучувајќи ги спроведените обуки за судии, но не и обуките за судската служба. Исто така, континуираните обуки спроведени од страна на Академијата за јавните обвинители и јавнообвинителските службеници не беа предмет на ревизијата на успешност, поради што изразот „Континуирана обука за судии и судски службеници“ се користи во целиот текст на Нацрт извештајот за ревизијата на успешност.

3. Упатената забелешка од законскиот застапник на Академијата на утврдената состојба во точка 2.3. составен дел на ревизорските наоди во Нацрт извештајот за ревизија на успешност, во која се дава мислење за недоволното стручно усовршување на судската служба и причините за таквата состојба **не се прифаќа**. Во доставените забелешки, законскиот застапник на Академијата информира за постоење на Програма за судски службеници, Каталог на обуки, како и за одржани обуки за судски службеници во 2011 и 2012 година. Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност, односно прашалниците кои беа изготвени од ревизорите и беа доставени до основните и апелационите судови се однесуваа на периодот 2009 и 2010 година. Добиените одговори од страна на судовите укажуваат на недоволно спроведени обуки за судски службеници во тој период.

4. Упатената забелешка од страна на Претседателот на Основен суд Кавадарци, се однесува на Прилог бр. 8 Анализа на квантитетот на судските одлуките во 2010 и Прилог бр. 9 - Анализа на квалитетот на судските одлуките во 2009 и 2010 и истата **претставува доставување на** дополнителни **податоци.** Овие податоци ќе бидат презентирани во прилозите на Конечниот извештај.

Скопје, 26.03.2012 година